Врз основа на член 55 став 1 од Законот за организација и работа на органите на државната управа („Службен весник на Република Македонија” бр. 58/00, 44/02, 82/08, 167/10, 51/11 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ 96/19 и 110/19), како и врз основа на член 50 став 6 од Законот за основно образование („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 161/2019) министерот за образование и наука донесе скратена наставна програма по наставниот предмет *општество* за II одделение на деветгодишното основното образование за учебната 2020/21 година.

СКРАТЕНА НАСТАВНА ПРОГРАМА

МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА

БИРО ЗА РАЗВОЈ НА ОБРАЗОВАНИЕТО

# ОПШТЕСТВО

II Одделение

ДЕВЕТГОДИШНО

ОСНОВНО ОБРАЗОВАНИЕ

Август 2020 година

1. **Вовед**

Скратената наставна програма по наставниот предмет *општество* се базира на целите/очекуваните резултати предвидени со наставната програма за наставиот предмет што редовно се реализира согласно утврдениот наставен план.

Со скратенета програма се утврдуваат определени теми и наставни единици што треба да се реализираат за 159 наставни денови, при што се запазува предвидениот неделен фонд на часови утврден во редовната програма, 1 час неделно, односно вкупно 32 часа.

Наставникот при планирањето и реализацијата на наставните единици од скратената програма се води од целите/очекуваните резултати, определените поими, методите и активностите утврдени во редовната наставна програма.

2. **Преглед на теми и наставни единици**

| **ТЕМА: ЈАС И ДРУГИТЕ ( 5 ЧАСА)** |
|---|
| **Наставни единици:**<br>- Умеам, можам, сакам, знам;<br>- Што ми се допаѓа кај себе ;<br>- Разлики и сличности меѓу луѓето;<br>- Правила во одделението ;<br>- Права и одговорности. |

| ТЕМА: ЖИВОТОТ И РАБОТАТА ВО УЧИЛИШТЕТО ( 6 ЧАСА) |
| --- |
| **Наставни единици:**<br>- Простории во училиштето ;<br>- Вработени во училиштето ;<br>- Ние сме одговорни и праведни ;<br>- Како се грижиме за ученички прибор ;<br>- Празници. |

| ТЕМА: МОЈОТ ДОМ ( 8 ЧАСА) |
| --- |
| **Наставни единици:**<br>- Членовите на моето семејство;<br>- Моите роднини, видови семејства;<br>- Простории во домот;<br>- Апарати во домаќинството;<br>- Заштита од опасности и елементарни непогоди;<br>- Лична хигиена и хигиена во домот;<br>- Прослави во семејството;<br>- Слободно време. |

| ТЕМА: МЕСТОТО ВО КОЕ ЖИВЕАМ ( 7 ЧАСА) |
| --- |
| **Наставни единици:**<br>- Местото во кое живеам;<br>- Поврзаност селото и градот;<br>- Непосредна околина;<br>- Објекти во непосредната околина; |

| |
|---|
| - Пошта,амбуланта,полициска станица;<br>-  Стари и нови градби;<br> - Мојата татковина. |

| **ТЕМА: СООБРАЌАЈ (6 ЧАСА)** |
|---|
| **Наставни единици:**<br>- Движење по улица и пат;<br>- Безбедно место за игра;<br>- Сообраќајни знаци;<br>- Безбедно преминување и движење по улица;<br>- Пред крстосница;<br>- Сообраќајни средства. |

**3. Дидактички препораки**

Појдовна основа за реализација на скратената наставна програма по наставниот предмет *општество* е редовната наставна програма (конкретните цели, поими, предложените активностии методи). Ефикасната реализација на наставните единици во оваа наставна програма, особено за формирањето на поимите од страна на учениците, многу зависи од примената на интегрираниот приод. Тоа значи дека при планирањето на дневната тема /часовите по *општество* максимално се користат можностите за интегрирано поврзување со наставните предмети:мајчин јазик, математика, ликовно образование, музичко образование и физичко и здравствено образование. Исто така, можат да се користат и работилниците од програмата за образование за животни вештини. Поаѓајќи од целите на учењето, секогаш кога е можно, во процесот на учењето треба да им се овозможи на учениците избор на различни активности и содржини согласно со нивните субјективни интереси. Најефикасни методи на учење во наставата по општество се оние методи кои учениците ги ставаат во адекватна активна позиција во процесот на стекнување на знаења. Потребно е

наставникот да креира ситуации на учење во кои ќе дојдат до израз различните активности што овозможуваат различни начини на учење, користење на различни средства, материјали и извори на учење.

### 3. Норматив за наставен кадар

Скратената наставна програма ја реализира наставик согласно нормативот за наставен кадар даден во редовната настава програма.

Скратената наставна програма по наставниот предмет *општество* за прво одделение на деветгодишното основното образование ја утврди

Арх. Бр. 12-8424/218
16.09.2020

Министер за образование и наука
Мила Царовска